# ПОЗНАТИ ЛИЧНОСТИ КОИ ПОТЕКНУВААТ ОД ШТИП
## (по хронолошки редослед)

**Лав Стипион (XI век)**. **ВИЗАНТИСКИ ВОЈСКОВОДЕЦ И АРИСТОКРАТ**. Како воен заповедник во Византиската војска Стипион ги предводел македонските и тракиските единици во времето на византискиот цар Василиј Втори Македонски (XI век). За него се знае дека бил „патрициј“ (аристократ), а го носел прекарот „Стипион“, т.е. „Штипјанецот“ (според името на Штип во византиско време). За Лав Стипион пишувал византискиот цар Константин Порфирогенит.

**Станислав Лесновски. КНИЖЕВНИК И ИЛУСТРАТОР ОД XIV век.**Тој бил македонскикнижевники тоа најзначајниот претставник на Лесновскиот книжевен центар сместен во Лесновскиот манастир. Препишувал и орнаментирал ракописи со религиозна содржина. Денес има зачувано негови дела во Белград и во Софија.



**Јосиф Ковачев (1839 – 1898). УЧИТЕЛ И ПРВ ПЕДАГОГ И РЕФОРМАТОР ВО МАКЕДОНИЈА**.

Завршил ќелијно училиште, а во 1861 година завршил богословија во Белград. Извесно време престојувал во Виена, а потоа се запишал на Богословскиот факултет во Киев. За време на четиригодишното студирање се запознал со делото на основачот на руската педагогија Константин Ушински. Во Киев Ковачев добил стипендија од бугарскиот преродбеник Априлов, со помош на која завршил и педагогија и психологија. Во учебната 1869-1870 година се вработил во основното училиште во Штип, каде вовел училишни реформи при што во образованието, освен богословските, вклучил и световни предмети. Потоа три години работел во Прилеп, а по создавањето на бугарската држава се преселил таму и работел во Пловдив и Софија, каде заземал значајни функции во општествениот, но и во политичкиот живот. Иако себеси се идентификувал како „Бугарин“ Јосиф Ковачев во македонската наука се третира како прв автор од областа на педагогијата и реформатор на школскиот систем.

**Љубомир Милетич (1863 – 1937). ПРЕТСЕДАТЕЛ НА БУГАРСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ, СЛАВИСТ И ФИЛОЛОГ.** Татко му на Љубомир Милетич бил Бугарин од Одринско, кој работел како учител во Македонија, а мајка му била Македонка од Велес. Љубомир се родил во Штип, каде татко му работел. Се школувал во Нови Сад, Софија, Прага и Загреб каде докторирал во 1888 година. Потоа работел како универзитетски професор на софискиот универзитет „Свети Климент Охридски“, каде бил избран за ректор. Од 1926 до 1937 година бил претседател на Бугарската академија на науките (БАН). Во однос на постоењето на македонската нација целосно стоел на големобугарски позиции. Ги редактирал и запишувал спомените на извесен број илинденски револуционери, со што дал значаен придонес во зачувувањето на описите на тие настани, иако поради неговите пробугарски

ставови во однос на македонската нација, под знак прашалник е објективноста на некои од записите.



**Тодор Лазаров Хаџидимитров (1869 – 1912). РЕВОЛУЦИОНЕР И УЧИТЕЛ.** Потекнува од угледното штипско семејство Хаџидимитрови. Се школувал во Солун, а потоа работел како учител во Штип по француски и музика, но и како трговец. Во 1894 година по запознавањето со Даме Груев се зачленил во Македонската револуционерна организација (МРО) и бил прв раководител на Месниот комитет. Поради неговата револуционерна дејност бил уапсен во 1896 година. По излегувањето од затвор, повторно бил осуден во 1899 година и тоа на 4 години затвор. Во 1905 бил повторно уапсен и осуден, но по Младотурската револуција бил амнестиран. Во 1908 година бил еден од раководителите на пробугарската партија Сојуз на бугарските клубови, а во 1910 учествувал во обновата на револуционерната борба. Починал во Софија од туберкулоза во 1912 година. Тодор Лазаров, иако се залагал за самостојност на Македонија, имал пробугарски ставови во однос на постоењето на македонската нација. За разлика од него, внуците на неговиот брат Арсо Лазаров: народниот херој Љупчо Арсов и неговиот брат загинатиот првоборец Тошо Арсов се покажаа како достојни синови на македонскиот народ и борци против бугарската фашистичка окупација.



**Ефрем Чучков (1870 – 1923)**. **ВОЈВОДА ОД ИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД**. Се школувал во Солун, Софија Казанлак (Бугарија) каде завршил воено и педагошко училиште.Работел како учител во новоселското училиште во Штип, а потоа и во Пехчево и Мелник. Истовремено работел и на Македонската кауза поради што уште во 1897 година заминал во илегала.Бил еден од главните организатори на револуционерната мрежа во Штипско. Во 1907 заедно со Тодор Александров дејствувал како окружен војвода на Скопскиот револуционерен округ. За време на Балканските војни учествувал како командант на единица во борбите за Кочани. По Првата светска војна учествувал во обновата на ВМРО и во еден период бил втора по важност личност веднаш по водачот Тодор Александров. Починал од болест во Софија. Негов внук е македонскиот револуционер и политичар Емануел Чучков.



**Александар (Сандо) Малинов (1871 - 1904). РЕВОЛУЦИОНЕР ОД ИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД.** За него најмногу се знае по неверојатниот подвиг што го направил на 6 јануари 1904 година.Додека престојувал во своето родно Ново Село (назив за стариот дел на Штип) бил откриен од турскиот аскер и обиколен. Во престрелката која почнала Сандо успеал да убие дури 16 турски војници и двајца офицери, по што (иако ранет) успеал да побегне. Но, поради инфекција на раната набргу починал и бил погребан во дворот на црквата „Свети Архангел“. Денес неговото име го носи улица во Штип.



**Димитар Мирасчиев (1872 – 1917). ВОЈВОДА И ПУБЛИЦИСТ ОД ИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД.** По школувањето во родниот Штип, се запишал во Солунската гимназија која ја завршил во 1892 година. Во 1896 година дипломирал на универзитетот во Софија „Свети Климент Охридски“ отсек хемија. Како студент учествувал во Мелничкото востание од 1895 година. Во 1897 година бил уапсен и испратен на заточение во Подрум Кале (Мала Азија), но во 1902 година бил амнестиран. Учествувал како војвода во Илинденското востание. Потоа пристапил кон Македоно-одринската социјалдемократска група, а во 1908 година бил уредник на весникот „Конституциона зора“. Мирасчиев се залагал за посебноста на македонскиот народ. Денес неговото име го носи средно општинско училиште во Штип.



**Мише Развигоров (1873 – 1907). ВОЈВОДА И УЧИТЕЛ.** Потекнува од старо штипско еснафско семејство. Куќата им била во близина на денешниот Дом на културата во Штип. Се школувал во Штип и во Бугарија. Работел како учител во новоселското училиште заедно со Гоце Делчев. Бил член на првиот местен комитет на ТМОРО основан од Даме Груев. Во 1897 година по откривањето на оружје на Организацијата бил уапсен и мачен во турскиот затвор во Штип, по што бил осуден на доживотна робија и одведен во Мала Азија каде владееле ужасни услови. Во 1902 година по повод устоличувањето на турскиот султан бил амнестиран, по што прво заминал за Бугарија, а потоа со своја чета дошол во Штип, каде развил широка револуционерна активност. Во април 1907 година дошол во Штип да направи увид во финансиската состојба на Организацијата и се сместил во куќата на Петре Брашнаров во Исарскотомаало, но бил предаден од страна на нечесниот благајник Мише Анчев. Турците ја опколиле куќата и ја запалиле, а во нерамната борба загинал Мише, заедно со четниците Петре Жабата и Милан Крстев. Неговото тело било откриено јагленисано во оџакот.



**Владислав (Славчо) Ковачев (1875 – 1924). ВОЈВОДА И ПУБЛИЦИСТ ОД ИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД.** Бил син од брат на Јосиф Ковачев. Завршил Воено училиште во Софија. Учествувал во борбата со турскиот аскер кај селото Карбинци во 1902 година, каде бил ранет. Подоцна како војвода учествувал во Илинденското востание, а потоа водел борба против врховистите. Се залагал за Балканска федерација и бил уредник на весникот „Автономна Македонија“ во Софија. Поради неговите политички ставови бил убиен во атентат нарачан од Ванчо Михајлов во 1924 година заедно со други лево ориентирани македонски дејци.




**Владимир Ковачев (1875 – 1910). РЕВОЛУЦИОНЕР И ПОЕТ ОД ИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД.** Брат близнак на Владислав (Славчо) Ковачев. По школувањето во Македонија, дипломирал право на Сорбона во Париз, а потоа живеел во Софија, каде ја напишал стихозбирката „Песни за Македонија“ (која беше објавена дури во 1997 година).



**Славејко Арсов (1878 – 1904). ВОЈВОДА ОД ИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД.** Се школувал во родниот Штип, како и во Скопје и Софија, а во 1899 година се зачленил во ТМОРО. Во 1900 година одлежал 14 месеци затвор во Кичево и Битола. Бил избран за околиски војвода во Битола. Учествувал во Илинденското востание. На 9 јули 1904 година во Светиниколско неговата чета била опколена од турски аскер. Во нерамната борба Славејко бил тешко ранет, по што се самоубил за да не падне жив во рацете на аскерот.Денес неговото име го носи основно училиште во Штип.



**Тодор Александров (1881 – 1924). МАКЕДОНСКИ ВОЈВОДА И ВОДАЧ НА ВМРО**. Се родил во семејството на свештеникот Александар Поп-Орушев и Марија во стариот дел на Штип наречен Ново Село. Таткото на Тодор бил учител во Радовиш. Тодор учел во бугарското машкото педагошко училиште во Скопје каде се вклучил во македонското револуционерно движење. Во 1898 година се приклучил во ТМОРО. Во 1903 година бил уапсен, а во 1904 година по излегувањето од затвор работел како учител во Штип. Поради неговата револуционерна дејност турската власт му забранила да работи како учител. Во 1905 година

неговата куќа била опколена од броен турски аскер, но тој успеал да избега, по што се приклучил на четите на штипскиот војвода Мише Развигоров и на Кочанскиот војвода Симеон Георгиев. Бил и раководител на месни ком итети во неколку градови, а потоа бил окружен војвода на Скопскиот револуционерен округ. Во 1911 станал член на ЦК на ВМОРО. Учествувал во Балканските војни како член во Штабот на III македонска бригада. Го организирал Охридското востание во 1913 година против српската власт во кое се вклучиле и голем број Албанци. За време на Првата светска војна бил член на Штабот на партизанската чета на III бригада на XIмакедонска дивизија при што инсистирал македонските војници да носат посебни униформи од бугарските. За време на краткотрајното владеење на Бугарија со делови од вардарскиот дел на Македонија во Првата светска војна, Тодор Александров поставил исклучиво Македонци во локалната администрација поради што дошол во судир со Главниот штаб на Бугарската армија, кои ваквиот потег го оцениле како негово самоволие. Имал две средби со германскиот цар Вилхелм од кого добил високи одликувања. Да потсетиме дека за време на Првата светска војна мнозинството Македонци ги претпочитале Централните сили отколку Антантата во која имало два од трите поробувачи на Македонија (Србија и Грција). Од друга страна Бугарија тогаш била мошне толерантна кон македонските организации, па затоа Македонците (на чело со ВМРО на Тодор Александров) се вклучиле во нејзината војска надевајќи се на автономија. По војната ја обновил организацијата под името ВМРО (заедно со Петар Чаулев и Александар Протогеров) и во 1920 година практично воспоставил своја власт во пиринскиот дел на Македонија од каде организирал вооружени упади на чети во вардарскиот и во егејскиот дел на Македонија. Потоа се борел против владата на бугарскиот премиер Стамболиски која се залагала за зближување на Бугарија со Кралството СХС (каде Македонците биле жестоко прогонувани). Учествувал и во братоубиствените борби и атентати што меѓусебно си ги организирале Македонците од различни фракции. Во 1924 го составил и Мајскиот манифест за обединување на сите македонски револуционерни сили. Бил убиен во атентат во 1924 година. Вистинските нарачатели на атентатот останале непознати. Во 2024 година, по повод 100 години од неговото убиство во Штип (конкретно во неговото родно Ново Село) е поставен споменик на овој голем револуционер.

**Изјави поврзани со Тодор Александров и со неговата ВМРО**

*Македонија сака независност со главен град Солун. Македонците денес бараат независност во границите на Македонија пред 1912 г., тоа е нашето барање пред Европа.*

(Тодор Александров, дел од изјавата за весникот„Журнал“, септември 1923 г.)

*Ние сметаме на пиринскиот дел на Македонија со кој Бугарија привремено владее. Тој крај е дел од општата држава Македонија, нашата татковина и ние ќе си го земеме, исто како што ќе си ги земеме сите други делови кои сега пиштат под српско и грчко ропство.*

(Тодор Александров, изјава пред рускиот новинар Неманов од 30.06.1924)

*Внатрешната Македонска Револуционерна Организација, која ги претставува Македонците, кои се борат за национално самоопределување, политичка слобода, самоуправување, како и најголема можна социјална правда, има за цел: обединување на Македонија (која во 1913 година беше распарчена помеѓу Бугарија, Србија и Грција) во една политичка единица...*

Тодор Александров (декември 1923 год.)

*ДЕКЛАРАЦИЈА*

*1. ВМРО во својство на вистинска револуционерна сила се бори за ослободувањето и обединувањето нараскинатите делови на Македонија во една наполно самостојна (независна) политичка единица во нејзините природни етнографски и географски граници. (...)*

*3. ВМРО ќе ја засили на најрешителен начин својата борба како против српската и грчката, така и против бугарската влада, кои се или можат да бидат орудија на свои или туѓи империјалистички стремежи спрема Македонија. Во таа смисла организацијата прекинува секаква врска и со софиските влади и ќе води борба против нивната политика (...).*

Декларација на ВМРО на Тодор Александров (1924 год.)

*МАНИФЕСТ*

*кон македонскиот народ, кон организиранотореволуционерно население во Македонија и кон македонскитереволуционери*

*(...)*

*ВМРО изјавува дека таа се бори и ќе се бори со сите средства на револуционернатаборба:*

*1. За ослободување и обединување на раскинатите делови на Македонија во една наполно независна и самостојна политичка единица, во нејзините природни етнографски и географски граници.*

*2. За демократизирањето на соседните на Македонија балкански држави и нивното сојузување во една Балканскафедерација...*

*Сите напред во редовите на револуционерната македонска борба!*
*Да живее единствениот македонски револуционерен фронт!*
*Да живее единствениот балкански револуционерен фронт!*
*Да живее обединета и независнаМакедонија!*
*Да живее Балканскатафедерација!*

(Извадок од Мајскиот манифест,
составен лично од Тодор Александров во 1924 година)

**Рекоа за Тодор Александаров:**

*...Револуционер по душа, одличен организатор со цврст карактер и челична волја. Скромен, разумен и тактичен, познавајќи ја одблиску народната душа и болка, тој доминира на народните маси. Строг, пред сѐ кон себеси, тој е роден за народен водач. На него се полагаат големи надежи...*

Даме Груев

*Брате Тодоре,*

*Прости ми ти, нека ми простат и сите други од Македонија. Јасовдеумирам. Ќелегнамкрајмојата мила Лора. Твојата деликатна душа ќе ме разбере и ќе ми прости. Те бакнувамдлабокотрогнат од твојатагрижаза мене во деновите на големитеискушенија. Тиблагодарам за помошта од деветстотини лева од Организацијата без кои одамнаќеумрев од глад, наместо од куршум, како што ми доликува.*

*Кажи ѝ на Македонија, кога ќеотидештаму, дека нејзиниотсин (јас си се сметам за нејзинсин) умира во слободнаБугарија, овенчан со едналоша клевета. А кога и тааќе биде слободна, некадојде еден другар на мојот гроб и нека ми каже: „Поздрав од нашатамајка-маченица. Таасега е среќна!...“Те бакнувам. Збогум, твојПејо.*

(Дел од писмото на бугарскиот поет и револуционерПејуЈаворов до неговиот близок пријател Тодор Александров. Нивнотопријателствобешекриено за време на едноумиетозатоаштоЈаворовбеше сметан за позитивна, а Александров за негативна личност. Исто е и со Димитар Влахов кој цели 11 години бил „десна рака“ на Тодор Александров и неговпретставник за надворешниработи).

*Тој ми остави впечаток на многу разумен, трезвен ум и подготвен за сите жртви пред олтарот на ослободувањето*.

(Павел Шатев, македонски револуционер и еден од солунските атентатори).

*Тодор Александров* ... *почнувајќи од 1920 година, па до убиството, ќе води преговори со Бугарската Комунистичка Партија и Коминтерната за соработка, ќе го потпише познатиот Мајски Манифест, во кој на посреден начин ќе го прифати постоењето на македонскиот национален субјективитет*.

(Академик Иван Катарџиев, в. „Нова Македонија“, април 1993 год.)

Академик Катарџиев (1926 – 2017) родум во пиринскиот дел на Македонија се смета за еден од основоположниците на македонската историска наука. Освен бројните вредни историски дела и функции кои ги извршуваше, тој беше и активен во политиката и тоа член на најтесното раководство на СДСМ. Во оваа своја изјава тој признава дека со Мајскиот манифест Тодор Алекдасандров го признал постоењето на македонската нација).



**Тодор Павлов (1890 - 1977). ПРЕТСЕДАТЕЛ НА БУГАРСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ, ПОЛИТИЧАР И ФИЛОЗОФ**. По превратот во Бугарија и доаѓањето на Отечествениот фронт на власт на крајот од 1944 година штипјанецот Тодор Павлов бил еден од тројцата регенти (управители) на Бугарија. Потоа бил и член на Президиумот на Народното собрание, а од 1947 до 1962 година бил претседател на Бугарската академија на науките (БАН). Бил и почесен претседател на Сојузот на бугарските писатели. Во филозофските кругови во светот е познат како еден од главните промотори на Теоријата на одразот. Иако бил со бугарска национална свест сепак забележан се и негови промакедонски изјави.



**Ванчо Михајлов (1896 – 1990). ЛИДЕР НА ДЕСНОТО КРИЛО НА ВМРО.** Роден е во стариот дел на Штип наречен Ново Село во семејството на трговецот Михаил (Мише) и Костадинка Гаврилови. По завршувањето на основното училиште во родниот град, од 1910 година учел во Солунската машка гимназија „Св. Кирил и Методиј“, но по Втората балканска војна се вратил во Штип по што го завршил образованието во Скопје. За време на Првата светска војна бил чиновник во Штип, а во 1919 студирал на Правниот факултет во Софија. Таа година бил примен во ВМРО од страна на својот сограѓанин Тодор Александров. По убиството на Александров во 1924 година Михајлов го презел раководството на ВМРО. Организирал состанок во Благоевград на кој ги поканил македонските дејци од левицата на ВМРО и раководителите на Илинденската организација, но наместо состанок за обединување како што им кажал, тој наредил ликвидација на десетици дејци од левицата, по што продолжила крвавата и бесмислена братоубиствена војна во Бугарија помеѓу македонските дејци од спротивни фракции. Истовремено испраќал атентатори и во вардарскиот дел на Македонија против субјекти на големосрпскиот режим што таму владеел. Во 1927 година српската полиција ги отепала на улица неговиот татко и постар брат Христо. Во 1928 година Михајлов бил повторно избран за раководител на ВМРО, по што официјално било прогласено дека ВМРО ќе се залага за обединета и независна Македонија. Во оваа насока Михајлов го востановил пиринскиот дел на Македонија како Пиемонт на идното обединување на Македонија. Тој таму воспоставил вистинска македонска држава. Била забранета работата на сите бугарски политички партии и невладини организации, било забрането и интонирањето на бугарската химна, а наместо неа на сите свечености во пиринскиот дел на Македонија била изведувана неофицијалната македонска химна „Изгреј зора на слободата“. Било забрането и веењето на бугарското знаме (кое било заменето со македонското црвеноцрно знаме). Во училиштата во Пиринска Македонија по налог на Ванчо Михајлов биле отстранети сите слики на бугарскиот цар, а наместо нив биле поставени слики од Тодор Александров. Бил воведен посебен предмет „македонска историја“, во кој се учела историјата на Македонија уште од античко време, а учителите ги држеле своите предавања на локалниот македонски дијалект, притоа укажувајќи им на учениците дека македонскиот народ е нешто посебно во однос на бугарскиот. Дури и спомениците на бугарските војници кои загинале во Балканските војни по налог на Ванчо Михајлов биле урнати, нивните коски расфрлани, а на нивно место биле подигнати споменици на загинатите македонски четници. Биле направени подготовки и за организирање Македонска војска која требало да има и воени вежби, но биле одложени за следната година. Сето ова предизвикало голем револт кај одделни бугарски кругови, по што група бугарски воени офицери објавиле брошура во која биле наведени сите антибугарски дејства на Ванчо Михајлов и неговата ВМРО. Како резултат на тоа во 1934 година во Бугарија бил изведен воен удар, ВМРО преку ноќ била забранета, нејзините членови биле прогонувани и апсени, а Ванчо Михајлов одвај успеал да побегне во Турција. Потоа Михајлов бил осуден на смрт во Бугарија, а неговата смртна казна неколку пати била потврдена.

Интересно е што антибугарските дејства на Ванчо Михајлов денес се кријат од пошироката јавност во Бугарија (што е и разбирливо), но нејасно е зошто се кријат и во македонската јавност? Во 1934 година Михајлов учествувал во организирањето на атентатот на југословенскиот крал Александар Караѓорѓевикќ во Марсеј (изведен од неговиот близок соработник Владо Черноземски). Потоа краткотрајно бил уапсен во Турција, но во 1938 година се преселил во Полска заедно со сопругата МенчаКарничева. По создавањето на Независната држава Хрватска во 1941 година се преселил во Загреб кај Анте Павелиќ. Во 1944 година, по превратот во Бугарија и застанувањето на Бугарија на страната на антифашистичката коалиција, од страна на Хитлер на Михајлов му било понудено да создаде независна македонска држава, поради што тој дошол во Скопје, но на лице место се уверил дека тоа е неизводливо. По војната живеел во Австрија, Шпанија и Италија со финансиска поддршка од неколку пробугарски ориентирани емигранти од САД. Во тој период уште подрастично ги потенцирал своите пробугарски ставови во однос на македонската нација, поради што останал целосно избегнуван и изолиран од македонската антикомунистичка емиграција (со исклучок на малубројните пробугарски настроени емигранти од САД). Починал во Рим во 1990 година.



**Славјанка Влахчева (1900 – 1988)**. **ПРВАТА ОБРАЗОВАНА МЕДИЦИНСКА СЕСТРА ВО МАКЕДОНИЈА.** По завршувањето на Училиштето за медицински сестри на Друштвото на црвениот крст во Белград во 1924 година се вратила во родниот Штип, каде активно се вклучила во борба против маларијата. Потоа работела и во Скопје, а за време на војната активно соработувала со НОВ и се приклучила во Четиринаесеттата македонска младинска ударна бригада. По Ослободувањето, во 1945 година го основала Училиштето за медицински сестри во Скопје и била именувана за негов прв директор. Била активна и во Црвениот Крст на Македонија.



**Емануел (Мане) Чучков (1901 – 1967). ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕЗИДИУМОТ НА АСНОМ.** Бил внук на штипскиот војвода Ефрем Чучков. По завршувањето на основното образование во родниот Штип и гимназијата во Скопје, во 1925 година дипломирал на Филозофскиот факлултет во Белград. Поради неговите напредни ставови и дејност уште во 1921 година бил приведен во полицијата. Во 1923 се зачленил во Македонската младинска тајна револуционерна организација (ММТРО). Поради неговата дејност бил апсен и во 1924 и 1927 година. Потоа работел во Србија и Босна како гимназиски професор. По бугарската окупација работел во гимназиите во Прилеп, Скопје и Штип. Во 1943 година станал член на Акциониот народноослободителен комитет (АНОК) чии

членови се залагале за самостојна и обединета Македонија. Во 1944 година бил член на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, а потоа учествувал на Првото заседание на АСНОМ каде бил избран за член на Президиумот и негов втор потпретседател. Во 1945 година во привремената влада на Југославија на чело со Тито, станал Министер за Македонија, но поради неговите ставови за поголема самостојност на Македонија, набргу бил сменет и деградиран. Сепак и потоа заземал општествено политички функции во Македонија (директор на Народната библиотоека, директор на „Танец“ и др.). Во 1957 станал професор на Економскиот факултет во Скопје, а докторирал во 1958 година.



**Мехмет Текин Арибурун (1903 – 1993)**. **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА, ГЕНЕРАЛ И ГЛАВЕН КОМАНДАНТ НА ТУРСКАТА ВОЕНА АВИЈАЦИЈА**. Се родил во Штип во семејството на Хусеин Авни, кој бил мајор во турската армија за време на Првата светска војна. Татко му се родил во Битола, но во 1898 година бил прекомандуван во Штип, каде во 1903 година се родил Мехмет. Се иселиле од Македонија по Балканските војни во 1912 година, а подоцна татко му учествувал како командант во битката кај Галиполе во 1915 година, каде и загинал. Мехмет ја продолжил семејната традиција и во 1925 година го завршил Турскиот воен колеџ, а во 1929 бил испратен во Велика Британија на воздухопловна обука. Во 1935 година дипломирал на Турската воена академија. Во 1959 година бил промовиран во армиски генерал и Главен командант на турската воена авијација. По воениот удар во 1960 тој бил принудно пензиониран од страна на воената хунта, по што ја започнал својата политичка кариера. Во 1961 година бил избран за сенатор, а од 1970 до 1977 бил Претседател на турскиот сенат. Во 1973 кратко време привремено ја извршувал и функцијата Претседател на Турција. Бил полиглот и зборувал англиски, германски, француски и италијански. Во 1978 година Мехмет Текин Арибурун како висок турски политички функционер за време на посетата на Југославија, посакал да дојде и во родниот Штип. Желбата му била исполнета и тој бил пречекан со сите почести. Го посетил ридот Исар, но не успеал да се сети каде се наоѓала неговата родна куќа бидејќи уште како мал го напуштил Штип. Само се сеќавал на чешмата Коџалица (на фотографијата), која за жал, тогаш веќе била урната. Тој е последниот претседател на Турција роден вон територијата на денешната држава.





**Михајло Апостолски (1906 - 1987). ПРВ МАКЕДОНСКИ ГЕНЕРАЛ ПО ОБНОВУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВНОСТ, НАРОДЕН ХЕРОЈ И ПРВ АКАДЕМИК ВО МАНУ.** Воедно генерал Апостолски бил и претседател на МАНУ во еден период. По завршувањето на основното училиште во периодот од 1927 до 1938 година во Белград ги завршил сите степени на военото образование (заклучно со Генералштабна академија). За време на Втората светска војна бил мајор во Југословенската војска, а по капитулацијата на Југославија бил заробен од Италијанците, но во 1941 година бил ослободен и се вратил во Македонија. По враќањето во Македонија се поврзал со партизаните и уште во септември 1941 година бил назначен за член на Покраинскиот воен штаб на Македонија, а во јуни 1942 и за командант на Главниот штаб на НОВ и партизанските одреди. Во 1943 бил промовиран во генерал мајор и станал член на Претседателството на АВНОЈ. Во 1944 година под негова команда, освен македонските, се наоѓале и бригади од јужна Србија и Косово. Учествувал и на првото заседание на АСНОМ. По војната ја продолжил војничката кариера. Во 1945 година бил назначен за Началник на Врховниот штаб на НОВ, а потоа извршувал и други функции, по што  отишол во пензија како генерал полковник. Потоа се занимавал со научна и публицистичка дејност, а во периодот од 1976 до 1983 година бил Претседател на МАНУ. Тој е автор на првата „Историја на ослободителнатавојна на македонскиот народ 1941-1945“ (Скопје, 1967 година). Денес Воената академија во Скопје го носи неговото име.



**Љупчо Арсов (1910 – 1986). НАРОДЕН ХЕРОЈ, ПРЕМИЕР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОПШТЕТВЕНИК И ПУБЛИЦИСТ.** Потекнувал од познатото семејство Аџидимитрови. Брат на неговиот дедо Арсо бил Тодор Лазаров Аџидимитров. По завршувањето на основното училиште во родниот Штип, заминал за Загреб, каде во 1932 година ја завршил комерцијалната и економска школа, по што заминал на работа во Белград и Ваљево. Се зачленил во КПЈ уште во 1940 година. По окупацијата во 1941 година се вратил во Штип, а потоа дејствувал и во Битола. Во јули 1942 година бил уапсен и интерниран во Бугарија, а поизлегувањето од затвор во 1943 година бил назначен за секретар на Окружниот комитет на КПЈ за Македонија. Во јули 1943 година, во моментот кога Окружниот комитет одржувалсостанок во еднакуќа, бугарската полиција ја опколила куќата. Во битката со стотина полицајци, неколку членови на комитетот биле убиени, меѓу кои и народниот херој Славчо Стојменски, а Арсов успеал да го пробие полицискиот обрач, по што продолжил да дејствува во Скопје и Куманово. Учествувал на Првото заседание на АСНОМ  на кое бил избран за секретар на Президиумот. По војната бил потпретседател и министер за финансии во Првата влада на НР Македонија. Потоа бил министер за труд во сојузната влада на Југославија, а од 1953 до 1960

бил Претседател на Извршниот советна Собранието на СРМ (практично премиер). Потоа бил претседател на Народното собрание на СРМ, а извршувал и други функции. Заради неговите заслуги во борбата против бугарскиот окупатор прогласен е за Народен херој.



**Архиепископ Охридски и Македонски г.г. Михаил (1912 – 1999). ПРВИОТ ИЗБРАН АРХИЕПИСКОП НА МПЦ ПО ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА.** Тој бил четврт по ред архиепископ на МПЦ по нејзиното обновување, но прв архиепископ избран по осамостојувањето на Република Македонија. Неговото световно име е Методи Гогов. Уште како дете учествувал во богослужбите на новоселската црква. Откако завршил основно училиште во 1927 година се запишал на Богословијата во Битола, а во 1932 заминал на студии во Богословскиот факултет во Белград, каде дипломирал во 1936 година како најдобар студент на генерацијата. Пред војната дошол во Штип каде предавал веронаука во гимназијата, но поради неговите промакедонски ставови, бил депортиран во Ужице (Србија). Пред војната се вратил во Штип, а за време на војната учествувал во НОВ. Бил член и на АСНОМ и престојувал во Главниот штаб на НОВ. Во март 1945 година бил еден од организаторите на Првиот црковно-народен собир во Скопје каде била донесена одлука за обновување на Охридската архиепископија. Поради неговите ставови за македонската самостојност дошол во судир со новата власт и завршил во затвор. Прво одлежал шест месеци, а во 1948 година повторно бил осуден на пет и пол години затвор. По излегувањето од затвор продолжил со свештеничката дејност. Од 1966 до 1970 година престојувал среде иселениците во Австралија, по што бил назначен за ректор на Македонската православна богословија. Во 1988 година бил хиротонисан за архиерей, а на 4 декември 1993 година бил избран за Архиепископ на МПЦ.



**Тодор (Тошо) Арсов (1912 - 1943)**. **ПРВОБОРЕЦ ВО НОБ**. Потекнувал од познатото семејство Аџидимитрови и бил роден брат на народниот херој ЉупчоАрсов. Основно образование завршил во родниот Штип, а гимназија во Врање и Заечар. Студирал на Правниот факултет во Белград, каде бил уапсен и спроведен во затворот Главњача заради учеството во студентското движење и членувањето во КПЈ. Поради тоа бил протеран во Штип, каде бил повторно уапсен во 1937 година и осуден на казна затвор која ја одлежал во затворот Лепоглава. За време на окупацијата бил на отслужување на воениот рок, по што се вратил во Штип, каде бил назначен за политички комесар на штабот на Четвртата оперативна зона на НОВ и ПОМ. Загинал во борба со бугарската полиција во 1943 година. Денес основно училиште и улица во Штип го носат неговото име, а во родната куќа на неговото семејство Аџидимитрови бил отворен Народниот музеј на Штип.



**Киро Глигоров (1917 – 2012). ПРВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО НЕЈЗИНОТО ОСАМОСТОЈУВАЊЕ, МАКЕДОНСКИ ПАРТИЗАН, УЧЕСНИК ВО АСНОМ, МАКЕДОНСКИ И ЈУГОСЛОВЕНСКИ ПОЛИТИЧАР.** Потекнувал од штипско занаетчиско семејство од маалото Стар Конак. Основно и прогимназиско училиште завршил во 1932 година во Штип, а средно образование завршил во Скопје во 1936 година. Од 1936 до 1940 студирал на Правниот факултет во Белград. Таму членувал и бил секретар на КУД „Вардар", а членувал и во илегалното Македонско народно движење поради што бил уапсен од српската полиција, но поради недостиг на докази бил ослободен. По завршувањето на студиите кратко работел во Белград, но по почнувањето на Втората светска војна се вратил во Скопје каде работел како адвокат. Поради неговите промакедонски ставови бил притворен и од бугарската полиција. Потоа се вклучил во илегалниот антифашистички отпор при што соработувал со Кузман Јосифовски – Питу и други борци. Во 1943 учествувал во работата на Антифашистичкиот народноослободителен комитет (АНОК), каде се разгледувало прашањето за создавање македонска држава во рамките на Југославија. Притоа на иницијатива на Глигоров и Благој Хаџипанзов до Главниот штаб на НОВ и ПОМ било упатено несогласување со југословенската концепција на решавањето на македонското прашање и било побарано обединување на Македонија. Нивниот предлог бил одбиен. Во мај 1944 Глигоров излегол во партизани, а (како член на АНОК) бил поканет да се вклучи во подготовката на АСНОМ, по што бил избран за секретар на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. За време на Првото заседание на АСНОМ (2.8.1944) Глигоров бил записничар, а бил избран и за член на АВНОЈ (зачетник на новата југословенска влада). Учествувал и на Второто заседание на АСНОМ каде бил избран за повереник за финансии при Президиумот на АСНОМ. По војната извршувал низа функции на сојузно ниво, меѓу кои и сојузен секретар (министер) за финансии на Југославија, Потпретседател на Сојузниот извршен совет (владата на Југославија), претседател на Собранието на СФРЈ и други. По осамостојувањето на Р. Македонија и по изгласувањето на Декларацијата за сувереност на државата, на 27 јануари 1991 година, од страна на Собранието на Република Македонија Глигоров бил избран за прв претседател на нашата држава. На изборите во 1994 година бил повторно избран за Претседател на Република Македонија. На 3 октомври 1995 година бил извршен неуспешен обид за атентат во Скопје во кој Глигоров бил ранет, а две лица го загубиле животот. По закрепнувањето Глигоров се вратил на претседателската должност сè до 1999 кога завршил неговиот втор мандат, по што и натаму дејствувал со предлози и совети до неговите политички наследници. Починал во длабока старост на возраст од 94 години.



**Славчо Стојменски (1921 – 1943). БОРЕЦ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА И НАРОДЕН ХЕРОЈ.**Потекнувал од старо штипско сиромашно семејство. Основно и средно образование (гимназија) завршил во Штип. Уште пред војната поради своите напредни идеи бил во судир со српската полиција. За време на бугарската фашистичка окупација мобилизирал извесен број младинци подготвени да се вклучат во борбата за ослободување на повик од Комунистичката партија на Југославија. Во 1942 година бил уапсен, но додека бил спроведуван во затворот, успеал да побегне. Оттогаш живеел како илегалец, обиколувајќи повеќе места во источниот дел на денешна Република Македонија. Повремено доаѓал и во Штип. За време на еден илегален состанок во Штип, куќата каде што се одржувал, по претходна дојава, била опколена од бугарската полиција по што во нерамната борба Славчо бил убиен. Тоа се случило на 17 август 1943 година. Во 1953 година Славчо Стојменски бил прогласен за Народен херој. Денес гимназијата во Штип го носи неговото име.



**Ванчо Прке - Сермен (1921 – 1943)**. **БОРЕЦ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА И НАРОДЕН ХЕРОЈ**. Иакосе родил во гевгелиското село Серменин, уште како бебе бил даден на чувањекајсемејство во Штип, кадеживеел во текот на својот краток живот. По завршувањето на гимназијата во Штип во 1939 година се запишал на Техничкиот факултет во Белград, каде станал член на КПЈ. Пред војната се вратил во Штип. За време на бугарската фашистичка окупацијатој бил еден од организаторите на партизанското движење во Штипско, а извесно време престојувал и во Битола како политички комесар на Битолско-преспанскиот партизански одред. Во мај 1943 година тргнал со новоформираниот Плачковички партизански одред на планината Плачковица во виничкиот реон. Набргу биле опколени од бугарската полиција. Ванчо Прке им наредил на другарите да се пробијат, додека тој ги заштитувал пукајќи во бугарските фашисти до последниот куршум, по што бил убиен од митралески рафал. Во 1949 година бил прогласен за Народен херој. Во негова чест основното централно училиште во Штип го носи неговото име, како и една од централните штипски улици и други субјекти.



**Ацо Шопов (1923 – 1982). БОРЕЦ ВО НОБ, ПОЕТ, ПРЕВЕДУВАЧ, АКАДЕМИК, АВТОР НА ПРВАТА ОБЈАВЕНА КНИГА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ПО ВОЈНАТА.** Основно и средно образование завршил во родниот Штип. Станал член на СКОЈ уште во 1940, а во 1942 се приклучил во народноослободителната борба против бугарскиот фашистички окупатор. Во неговата Трета македонска ударна бригада борец била и Вера Јоциќ, која загинала во мај 1944, по што Шопов ѝ ја посветил познатата песна „Очи“. По војната Шопов дипломирал на Филозофскот факултет, отсек филозофија. Потоа бил уредник во литературни списанија и весници, а во 1967 бил избран за академик на МАНУ. Извесен период бил и амбасадор на Југославија во Сенегал. Тој е автор на првата книга на македонски јазик по војната (објавена во 1944 година), како и на првата збирка сатирична поезија на македонски јазик („Јуз универзум“, објавена 1968 год.). Во еден период Ацо Шопов бил и претседател на Сојузот на писатели на Југославија, како и претседател на Друштвото на писатели на Македонија, а извршувал и други функции поврзани со литературата, преведувачката дејност и издаваштвото. Денес Центарот за култура во Штип го носи неговото име.



**Димче Беловски (1923 - 2010). ПРВОБОРЕЦ ВО НОБ, УЧЕСНИК ВО АСНОМ, ПОЛИТИЧАР И ОПШТЕСТВЕНИК.** По завршувањето на основното и средното образование во родниот Штип, студирал право. Во НОБ се вклучил уште во 1941 година, каде дејствувал како политички комесар на воени единици меѓу кои и на Педесеттата македонска дивизија на Народноослободителната војска на Југославија. Бил делегат на Првото заседание на АСНОМ. По војната извршувал разни општествено политички фунции на републичко и сојузно ниво, меѓу кои и заменик министер за надворешни работи на СФРЈ, претставник на СФРЈ во ООН и други.



**Александар Грличков (1923 - 1989). ПРВОБОРЕЦ ВО НОБ, ПРЕМИЕР НА СР МАКЕДОНИЈА, ЗАМЕНИК ПРЕМИЕР НА ЈУГОСЛАВИЈА.** Потекнувал од богато штипско семејство. Станал член на СКОЈ во 1939 година, а во НОБ се вклучил уште во 1941 година. По војната докторирал на политички науки и извршувал разни општествено политички функции на републичко и сојузно ниво, меѓу кои и: Претседател на Собранието на НРМ (практично премиер на Македонија), Потпретседател на Сојузниот извршен совет (практично заменик премиер на Југославија) и други. Бил универзитетски професор во Скопје и Белград, а се занимавал и со научна работа во областа на економијата и политиката.



**Никола Кљусев (1927 – 2008)**. **ПРВИОТ ПРЕМИЕР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО НЕЈЗИНОТО ОСАМОСТОЈУВАЊЕ.** По завршувањето на основното и средно образование во родниот Штип уште како млад се приклучил на партизанските единици на Македонија и учествувал во НОБ од 1942 до 1945 година. Во 1947 година се запишал на Економскиот факултет во Белград, но во 1948 поради приврзаноста кон Информбирото бил затворен на Голи Оток. По излегувањето од затвор го продолжил школувањето и дипломирал во 1953 година. Во 1964 година докторирал на Економскиот факултет во Белград. Во 1968 година бил избран за вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје, а во 1972 и за редовен.  Од 1985 до 1987 бил декан на Економскиот факултет во Скопје, а во 1988 бил избран и за член на МАНУ. Во периодот од 1991 – 1992 година бил избран за првпремиер на експертската влада на Република Македонија. Во негово време била воведена македонската валута и била формирана Армијата на РМ. Од 1998 до 2000 год. бил министер за одбрана во владата на Љубчо Георгиевски.



**Драгослав Шекуларац (1937 – 2019). ЕДЕН ОД НАЈДОБРИТЕ ЈУГОСЛОВЕНСКИ ФУДБАЛЕРИ НА СИТЕ ВРЕМИЊА.** Неговиот татко Богосав потекнувал од Беране (Црна Гора). Бил на служба во Штип, каде се засакал и оженил со штипјанката Донка. Но, само неколку месеци по раѓањето на Драгослав, тие се преселиле во Белград. Основно и средно образование Драгослав завршил во Белград, но натамошното школување не го интересирало бидејќи целосно се посветил на фудбалот. Станал првотимец на „Црвена звезда“ од Белград уште во 1955 година и таму останал сè до 1966 година. Под негово водство, „Црвена звезда“ го освоила првенството на Југославија во 1956, 1957, 1959, 1960 и 1964 година, како и Купот на Југославија во 1959 година, а во 1958 година стигнала и до полуфиналето на европскиот Куп на саемски градови (подоцнежен Куп на УЕФА).Под негово водство репрезентацијата на Југославија го освоила високото четврто место на Светското првенство во фудбало држано во Чиле во 1962 година. Според мнозина тој е најдобриот дриблер во историјата на југословенскиот фудбал. По настапите за „Црвена ѕвезда“ извесен период играл за германскиот Карлсруе и една година за ОФК  Београд. Потоа играл во странство (Колумбија, Канада и САД). По завршувањето на фудбалската кариера работел како тренер во ФК „Црвена звезда“ со која ја освоил двојната титула во сезоната 1989/1990 год. Потоа работел како тренер и во други клубови во тогашна Југославија и странство. Популарниот Шеки никогаш не го заборавил својот роден град, па често доаѓал во Штип, а на 29.9.1978 на оригинален начин им се оддолжил на своите сограѓани, кога во Штип довел некои од светски најпознатите фудбалски ѕвезди во тоа време кои пред преполниот стадион во Штип одиграле ревијален натпревар со ФК „Брегалница“.

Штипјани му се оддолжија на својот Шекуларац со споменик поставен пред Домот на културата „Ацо Шопов“ изработен од Методи Андонов.

***Други познати личности од Штип***

Од Штип потекнуваат уште голем број значајни имиња кои сѐ уште дејствуваат во своите области, а овде се спомнати само дел од поистакнатите личности кои веќе не се меѓу нас. Така, на пример, од областа на музиката од Штип потекнуваат познати имиња од класичната, народната, забавната и рок музиката. Од областа на ликовната уметност од Штип потекнуваат истакнати сликари и вајари. Од областа на спортот Штип има дадено државни прваци и репрезентативци на Југославија и Македонија, како и учесници на олимпијади и спортисти кои дејствуваат во странство. Од областа на литературата во Штип се родиле или живееле подолг период познати поети, прозаисти, драматурзи и есеисти. Исто е и со областа на актерството и режијата, како и областа на разните сфери од општествените и природните науки.

***Автор: Александар ДОНСКИ***